12. VI. 1989

4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр. 9

# СЛУЖ[БЕН ВЕСНИК]
## НА СОЦИЈАЛИС[ТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА]

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Четврток, 1 јуни 1989
Скопје
Број 22 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 130.000 динари. Овој број чини 2.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**377.**

Врз основа на член 86 од Законот за општонародна одбрана („Службен весник на СРМ", бр. 17/88 — Пречистен текст) и член 67 од Деловникот на Претседателството на СР Македонија, Претседателството на СР Македонија, на седницата одржана на 18 мај 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СР МАКЕДОНИЈА И ЗА НИВНОТО ИМЕНУВАЊЕ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на бројот на членовите на Советот за народна одбрана на Претседателството на СР Македонија и за нивното именување („Службен весник на СРМ", бр. 19/86, 30/86, 41/87, 16/88 и 12/89), во членот 3, став 2, точката 3 се менува и гласи:

„3. Д-р Тито Беличанец, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СР Македонија".

Бр. 08-542
23 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

---

**378.**

Врз основа на член 7 став 2 од Законот за заштита на семејството чиј хранител е на задолжителна воена служба („Службен весник на СРМ" бр. 44/76), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ИМОТНИТЕ УСЛОВИ ПОД КОИ СЕ СМЕТА ДЕКА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО ЧИЈ ХРАНИТЕЛ Е НА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ВОЕНА СЛУЖБА НЕМААТ СРЕДСТВА ДОВОЛНИ ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ, СО ПОРАСТОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЖИВОТ

Член 1

Висината на имотните услови од член 2 на Законот за заштита на семејството чиј хранител е на задолжителна воена служба се усогласува со движењето на порастот на трошоците за живот и се смета дека членовите на семејството на хранителот немаат сопствени средства доволни за издржување за 1989 година, ако:

1. Личниот доход од земјоделска дејност не изнесува повеќе од 13.725 динари месечно по член на семејството.

2. Личниот доход од работен однос и други редовни приходи не изнесуваат повеќе од 43.097 динари месечно по член на семејството.

3. Збирот на месечниот износ од точка 1 и 2 не изнесува повеќе од 43.097 динари месечно по член на семејството.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 23-1162/1
25 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**379.**

Врз основа на член 96 став 3 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 43/81 и 20/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. За советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се назначува Стојан Атанасов, досегашен советник на републичкиот секретар за народна одбрана.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1113/2
11 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**380.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА НАРОДНА ОДБРАНА

1. Стојан Атанасов се разрешува од должноста советник на републичкиот секретар за народна одбрана.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1147/1
11 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**381.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ број 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1. Се разрешува од должноста помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи Александар Арсовски, поради исполнување на условите за пензија, заклучно со 30 јуни 1989 година, кога му престанува работниот однос.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1189/1
18 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**382.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ број 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1. Се разрешува од должноста помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи Крсте Јовчевски, поради исполнување на условите за пензија, заклучно со 30 јуни 1989 година, кога му престанува работниот однос.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1190/1
18 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**383.**

Врз основа на член 3-а став 3 од Законот за боречки додаток на учесниците во Народноослободителното движење од Егејскиот дел на Македонија („Службен весник на СРМ“, бр. 23/75, 27/77 и 18/83), претседателот на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика донесува

## НАРЕДБА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БОРЕЧКИОТ ДОДАТОК НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНОТО ДВИЖЕЊЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ВО 1989 ГОДИНА

1. Основата за определување на боречкиот додаток на учесниците во Народноослободителното движење од Егејскиот дел на Македонија од 1 јануари 1989 година се утврдува во износ од 489.455 динари.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 08-441/2
25 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за труд,
здравство и социјална политика,
д-р **Јанко Обочки,** с. р.

**384.**

Врз основа на член 176 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86, 7/88), Републичкиот комитет за образование, култура и физичка култура на седницата одржана на 22 март 1989 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА МАТИЧНАТА КНИГА И ЗА ЧУВАЊЕТО НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА НА НОСТРИФИЦИРАНИТЕ ДИПЛОМИ И СВИДЕТЕЛСТВА ИЗДАДЕНИ ВО СТРАНСТВО

Член 1

Со овој правилник се уредува матичната книга и чувањето на документацијата на нострифицираните дипломи и свидетелства стекнати во странство, од страна на републичкиот орган на управата надлежен за работите на образованието, организациите за високо образование и организациите за научно-истражувачка дејност.

Член 2

Евиденцијата во матичната книга за нострифицираните дипломи и свидетелства стекнати во странство содржи:

— име, татково име и презиме, дата и место на раѓање и државјанство на подносителот на барањето;
— дата на приемот на барањето за нострификација;
— назив на странската држава и назив на организацијата која ја издава дипломата односно свидетелството;
— назив на дипломата односно свидетелството; број и дата на издавањето;
— назив на програмата со која дипломата односно свидетелството е изедначено со нострификацијата;
— положени нострификациски испити;
— број и дата на решението за нострификација;
— состав на комисијата за нострификација.

Евиденцијата од став 1 на овој член се води на посебен образец со форма А4, кој е составен дел на овој правилник.

Обрасците за извршените нострификации во текот на една година се повврзуваат во матична книга во која се впишува вкупниот број на обрасците односно нострификациите.

Член 3

Организациите за високо образование и организациите за научно-истражувачка дејност евиденцијата на образецот од член 2 ја водат во два примерка.

Со едниот примерок на образецот од член 2 став 2 од овој правилник се формира матичната книга на нострифицирани дипломи и свидетелства стекнати во странство, а другиот примерок се доставува до републичкиот орган на управата надлежен за работите на образованието.

Член 4

Документацијата за нострификација на дипломи и свидетелства стекнати во странство има трајна вредност и се чува одвоено од другата документација.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 09-1417/1
22 март 1989 година
Скопје

Претседател,
проф. д-р **Саво Климовски,** с. р.

____________________________

____________________________

(Назив на органот — организацијата која ја нострифицира дипломата односно свидетелството)

ЕВИДЕНЦИЈА
за нострифицација на дипломите и свидетелствата стекнати во странство

Година ——— Ред број ———

| | |
|---|---|
| Подносител на барањето: име, татково име, презиме дата и место на раѓање, државјанство | |
| Дата на приемот на барањето | |
| Назив на странска држава и назив на организацијата која ја издала дипломата односно свидетелството | |
| Назив на дипломата односно свидетелството, број и дата на издавање | |
| Програма со која дипломата односно свидетелството е изедначено со нострификацијата | |
| Положени нострификациски испити: | |
| Број и дата на решението за нострификација | |
| Состав на комисијата за нострификација | |
| НАПОМЕНА | |

**385.**

Врз основа на член 80 став 4 од Законот за премер, катастар и запишувањето на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ“ бр. 27/86) донесувам

## РЕШЕНИЕ

Се прогласува и става во сила катастарскиот операт на недвижностите за катастарска општина Гиновци, Собрание на општина Крива Паланка, со вкупна површина од 441 ха, 42 ари, 52 м².

Катастарскиот операт на недвижностите ќе се применува од 1. I. 1990 година.

Од денот на применувањето на катастарскиот операт на недвижностите се става вон сила досегашниот катастарски операт на земјиштето за оваа катастарска општина.

Бр. 13-523/1
10 мај 1989 година
Скопје

Директор
на Републичката геодетска управа,
дипл. геод. инж. **Коста Христов,** с. р.

**386.**

Врз основа на член 80 став 4 од Законот за премер, катастар и запишувањето на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ“ бр. 27/86) донесувам

## РЕШЕНИЕ

Се прогласува и става во сила катастарскиот операт на недвижностите за катастарска општина Мождивњак, Собрание на општина Крива Паланка, со вкупна површина од 1239 ха, 36 ари, 49 м².

Катастарскиот операт на недвижностите ќе се применува од 1. I. 1990 година.

Од денот на применувањето на катастарскиот операт на недвижностите се става вон сила досегашниот катастарски операт на земјиштето за оваа катастарска општина.

Бр. 13-523/1
10 мај 1989 година
Скопје

Директор
на Републичката геодетска управа,
дипл. геод. инж. **Коста Христов,** с. р.

**387.**

Врз основа на член 80 став 4 од Законот за премер, катастар и запишувањето на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ“ бр. 27/86) донесувам

## РЕШЕНИЕ

Се прогласува и става во сила катастарскиот операт на недвижностите за катастарска општина Одрено, Собрание на општина Крива Паланка, со вкупна површина од 1141 ха, 88 ари, 21 м².

Катастарскиот операт на недвижностите ќе се применува од 1. I. 1990 година.

Од денот на применувањето на катастарскиот операт на недвижностите се става вон сила досегашниот катастарски операт на земјиштето за оваа катастарска општина.

Бр. 13-523/1
10 мај 1989 година
Скопје

Директор
на Републичката геодетска управа,
дипл. геод. инж. **Коста Христов,** с. р.

**388.**

Врз основа на член 80 став 4 од Законот за премер, катастар и запишувањето на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ“ бр. 27/86) донесувам

## РЕШЕНИЕ

Се прогласува и става во сила катастарскиот операт на недвижностите за катастарска општина Ветуница, Собрание на општина Крива Паланка, со вкупна површина од 591 ха, 22 ари, 72 м².

Катастарскиот операт на недвижностите ќе се применува од 1. I. 1990 година.

Од денот на применувањето на катастарскиот операт на недвижностите се става вон сила досегашниот катастарски операт на земјиштето за оваа катастарска општина.

Бр. 13-523/1
10 мај 1989 година
Скопје

Директор
на Републичката геодетска управа,
дипл. геод. инж. **Коста Христов,** с. р.

**389.**

Врз основа на член 80 став 4 од Законот за премер, катастар и запишувањето на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ“ бр. 27/86) донесувам

## РЕШЕНИЕ

Се прогласува и става во сила катастарскиот операт на недвижностите за катастарска општина Љубинци, Собрание на општина Крива Паланка, со вкупна површина од 333 ха, 04 ари, 49 м².

Катастарскиот операт на недвижностите ќе се применува од 1. I. 1990 година.

Од денот на применувањето на катастарскиот операт на недвижностите се става вон сила досегашниот катастарски операт на земјиштето за оваа катастарска општина.

Бр. 13-523/1
10 мај 1989 година
Скопје

Директор
на Републичката геодетска управа,
дипл. геод. инж. **Коста Христов,** с. р.

**390.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 29 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ членовите 43, 44, 46 и 50 од Правилникот за станбени односи, донесен од работниците во Основната организација на здружениот труд „Декор-Ткаенини“ во Крива Паланка, во состав на Текстилната работна организација „Карпош“ во Крива Паланка, со референдум одржан на 23 март 1983 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената основна организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Скопје, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на оспорените членови од правилникот означен во точка 1 од оваа одлука, затоа што со вреднувањето на основите работен придонес и работен стаж тие имаат доминантно влијание во однос на другите основи за распределба на станови, што не било во согласност со уставното начело на заемност и солидарност.

4. Судот на седницата утврди дека во оспорените членови од Правилникот како основи за определување редот на првенството за добивање на стан се утврдени работниот придонес и работниот стаж, кои основи имаат доминантно влијание во однос на основите што ја изразуваат станбената состојба.

Согласно член 42 став 2 и член 43 став 1 од Законот за станбените односи — пречистен текст („Службен весник на СРМ“ бр. 48/88), самоуправно право е на работниците да ги утврдат основите и мерилата за определување редот на првенство за добивање на стан, при што, според мислењето на Судот, се должни да го почитуваат уставното начело на заемност и солидарност утврдено во Оддел II став 3 алинеја 6 од Основните начела на Уставот на СР Македонија, кое начело во станбената област се изразува во обезбедување доминантно влијание на станбената состојба во однос на другите основи за распределба на станови.

Со оглед на тоа што во оспорените членови од означениот правилник основите работен стаж и работен придонес имаат доминантно влијание врз утврдувањето редот на првенството за добивање на стан во општествена сопственост во однос на станбената состојба, Судот утврди дека овие членови не се во согласност со уставното начело на заемност и солидарност.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 30/89
29 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

---

**391.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 алинеја 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 22 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека членовите 11, 12 и 13 од Правилникот за станбени односи на Основната организација на здружен труд „Автобуска станица“ во Скопје, во состав на АТРО „Пролетер“ во Скопје, донесен со референдум на 29 февруари 1984 година, во времето на нивното важење, не биле во согласност со Уставот и биле во спротивност со Законот за здружениот труд.

2. Оваа одлука има правно дејство на одлука со која се укинува општ акт.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Работната организација „Мактранс“ во Скопје на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

4. Основниот суд на здружениот труд во Скопје со предлог поднесен пред Уставниот суд на Македонија на 11 јануари 1989 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбите од Правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што не биле во согласност со уставните начела на еднаквост, на распределба според трудот и резултатите од трудот и на заемност и солидарност.

5. На седницата Судот утврди дека Основната организација на здружен труд „Автобуска станица“ во Скопје престанала да постои со здружувањето во Работната организација „Мактранс“ на 30 јули 1987 година и дека оспорениот правилник престанал да важи на 25 јуни 1988 година, кога е донесен нов Правилник за станбени односи во работната организација. Со оглед на тоа што предлогот за оценување на уставноста и законитоста на оспорените одредби е поднесен пред истекот на рокот од една година по престанувањето на важењето на Правилникот, Судот утврди дека согласно член 419 од Уставот на СР Македонија, постојат процесни претпоставки за оценување уставноста и законитоста во времето на важењето.

6. Судот исто така, утврди дека во член 11 од Правилникот, како еден од основите за утврдување ред на првенство за добивање стан, е предвидена одговорноста на работните задачи што ги обавува работникот, што е вреднувано со 20 до 80 бодови, во зависност од степенот на стручната подготовка што се бара за соодветните работи и работни задачи, додека во член 13 како самостоен основ за доделување станови е предвидена стручната подготовка, вреднувана со 35 до 80 бодови во зависност од степенот на стручната подготовка.

Според член 42 став 2 и член 43 став 1 од Законот за станбените односи — пречистен текст („Службен весник на СРМ“ бр. 48/88) давателот на станот на користење односно работниците во основната организација со самоуправен општ акт ги утврдуваат условите и начинот на давање станови на користење, односно основите и мерилата за определување редот на првенството за добивање на користење стан во општествена сопственост.

Според тоа самоуправно право е на работниците да ги утврдат основите и мерилата за определување редот на првенството за добивање на стан при што, според мислењето на Судот, се должни да го почитуваат уставното начело на заемност и солидарност, утврдено во Оддел II став 3 алинеја 6 од Основните начела на Уставот на СР Македонија, кое се изразува во обезбедување доминантно влијание на основите кои ја изразуваат станбената состојба во однос на другите основи за распределба на станови.

Тргнувајќи од начелото утврдено во член 13 од Уставот на СР Македонија, според кое трудот и резултатите од трудот ја определуваат материјалната и општествената положба на човекот, како и од наведените законски одредби, Судот смета дека во рамките на самоуправното право да ги утврдуваат основите и мерилата за доделување станови на користење, работниците можат да утврдат и такви основи што го изразуваат придонесот во работата, меѓу кои и основот стручна подготовка, како еден од елементите на сложеноста на работите и работните задачи, под услов да не биде единствен елемент за изразување на работниот придонес и да не биде истовремено утврдена како самостоен основ за определување на редот на првенство за добивање станови.

Со оглед на тоа што во оспорената одредба од Правилникот стручната подготовка самостојно и преку основот одговорност е предвидена како единствен основ преку кој се изразува работниот придонес на работникот, како и со оглед на тоа што овој основ се вреднува со поголем број бодови од вкупниот број на бодови по сите основи кои ја изразуваат социјално-економската положба на работниците, Судот оцени дека со тоа се доведува во прашање остварувањето на уставното начело според кое трудот и резултатите од трудот ја определуваат материјалната и општествената положба на човекот како и уставното начело на заемност и солидарност.

Поради тоа Судот оцени дека член 11 и 13 од Правилникот, во времето на нивното важење, не биле во согласност со наведените уставни начела.

7. Судот исто така утврди дека во член 12 е утврден основот работен стаж, при што за секоја година навршен стаж во Основната организација се предвидени по 3 бода, а за работниот стаж стекнат надвор од Основната организација по 2 бода. Според член 2 алинеја 3 од Законот за здружениот труд правото на работа со општествени средства што го стекнува секој работник во здружениот труд е основа на остварување на неговите права, обврски и одговорности во здружениот труд. Работејќи во здружениот труд со општествени средства, според член 48 став 1 од Законот, работниците создаваат доход кој има општествен карактер, без оглед дали е стекнат во една или повеќе организации на здружениот труд. Согласно член 90 став 1, пак, од овој закон дел од создадениот доход работниците во основната организација издвојуваат во фондот за заедничка потрошувачка, кој, покрај другото, се користи и за обезбедување станови и станбени кредити за работниците.

Со оглед на тоа што во оспорениот член од Правилникот работниот стаж на работникот се вреднува различно во зависност од тоа дали е стекнат во или вон организацијата, Судот смета дека со тоа неосновано се доведуваат во поповолна положба работниците кои работниот стаж го стекнале во организацијата во која работат. Поради тоа Судот утврди дека член 12 од Правилникот, во времето на важењето, не бил во согласност со уставното начело на еднаквост, утврдено во Оддел II став 3 точка 9 од Уставот на СР Македонија и во спротивност со наведените одредби од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 8/89
22 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

---

**392.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки на седницата одржана на 22 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека член 12 точка III од Правилникот за станбени односи на Основната организација на здружениот труд „Патнички сообраќај" во Скопје, во состав на АТРО „Пролетер" во Скопје — сега Работна организација „Мак-Транс" во Скопје, донесен со референдум на 6 и 7 март 1985 година, во времето на неговото важење, не бил во согласност со Уставот и законот.

2. СЕ ОДБИВА предлогот на Основниот суд на здружениот труд во Скопје за оценување уставноста и законитоста на член 12 точка II од правилникот означен во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената работна организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

4. Основниот суд на здружениот труд во Скопје, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 12 точка II и III од правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што работниот стаж стекнат во и вон организацијата различно се вреднувал и што основот одговорност се вреднувал преку стручната подготовка, без да се утврдат објективизирани мерила, со што неоправдано двојно се вреднувала стручната подготовка.

5. На седницата Судот утврди дека основната организација, чии правилник е спорен, престанала да постои со спојување во Работна организација „Мак-Транс" во Скопје и дека на ниво на оваа Работна организација е донесен нов Правилник на 23, 24 и 25 јули 1988 година. Меѓутоа, со оглед на тоа што од престанувањето на важењето на оспорениот правилник до поведувањето на постапката пред Уставниот суд на Македонија не поминало повеќе од една година, согласно член 419 став 2 од Уставот на СР Македонија, постојат процесни претпоставки за оценување уставноста и законитоста во времето на неговото важење.

Исто така, Судот утврди дека во член 12 точка II од Правилникот работниот стаж се вреднува различно во зависност од тоа дали е стекнат во и вон организацијата.

Според член 2 алинеја 3 од Законот за здружениот труд правото на работа со општествени средства, што го стекнува секој работник во здружениот труд, е основа за остварување на неговите права, обврски и одговорности во здружениот труд. Согласно член 48 став 1 од овој закон работејќи во здружениот труд со општествени средства работникот создава доход што има општествен карактер. Затоа, според мислењето на Судот, за остварувањето на правата, обврските и одговорностите на работниците во здружениот труд врз основа на работниот стаж, без значење е дали тој е остварен во основната организација во која тој работи или во други организации на здружениот труд.

Со оглед на тоа што со член 12 точка III од Правилникот различно се вреднува работниот стаж стекнат во и вон работната организација, со што се создава нееднаквост меѓу работниците, Судот утврди дека тој во време на неговото важење не бил во согласност со начелото на еднаквоста утврдено во Оддел II став 3 алинеја 9 од Уставот на СР Македонија односно бил во спротивност со означените одредби од Законот за здружениот труд.

6. Понатаму, Судот утврди дека во член 12 точка III од Правилникот основот одговорност за работните задачи што ги обавува работникот е вреднуван преку подосновите најсложени и креативни работи, многу сложени работи со посебна спретност и иницијатива, сложени и напорни работи, малку сложени и едноставни работи. и за секој од овие подоснови се утврдени определени мерила.

Судот, исто така, утврди дека во член 26 од Правилникот за распределба на средствата за лични доходи односно во продолжение на член 18 од Методологијата за заедничките основи и мерила за вреднување на работните задачи во основните организации на здружениот труд, која е составен дел на Правилникот, се утврдени 9 степени на работите и работните задачи според интензитетот на нивната сложеност, така што на објективен начин може да се утврди степенот на сложеноста на секоја работа и работна задача.

Судот, исто така, утврди дека во член 12 точка IV како еден од основите при распределба на средствата за станови и станбени кредити е предвиден основот стручна подготовка, која е степенувана по повеќе степени и по секој од нив се утврдени определени мерила.

Од изнесеното, според мислењето на Судот, произлегува дека преку со утврдувањето на основот одговорност за работите и работните задачи што ги обавува работникот, всушност е вреднуван работниот придонес на работникот како основ за учество во распределбата на станови и станбени кредити, кој се изразува преку сложеноста, напорите и условите за работа, односно основот одговорност не се изразува само преку степенот на стручната подготовка, поради што и нема двојно вреднување на стручната подготовка.

Според член 42 став 2 и член 43 став 1 од Законот за станбени односи — пречистен текст („Службен весник на СРМ“ бр. 48/89) работниците во основната организација на здружениот труд ги утврдуваат основите и мерилата за определување редот на првенство за добивање на стан на користење, а согласно член 92 став 2 од Законот за здружениот труд, покрај начелото на распределба според трудот и резултатите од трудот, работниците во основната организација го применуваат и начелото на заемност и солидарност, првенствено во користењето на средствата за заедничка потрошувачка, меѓу другото, и за решавање на станбените прашања на работниците.

Тргнувајќи од член 13 од Уставот на СР Македонија, според кој трудот и резултатите од трудот ја определуваат материјалната и општествената положба на човекот, како и од наведените законски одредби, Судот смета дека во рамките на самоуправното право да ги утврдуваат основите и мерилата за доделување станови на користење, работниците можат да утврдуваат и такви основи што го изразуваат придонесот во работата, како и да го утврдат начинот на неговото вреднување.

Со оглед на тоа што во оспорениот член од Правилникот како еден од основите за распределба на станови и станбени кредити е предвиден основот одговорност односно придонесот во работата, за кој се предвидени објективни мерила за негово вреднување по предвидените работи и работни задачи во Правилникот за лични доходи, Судот утврди дека оспорениот член, во времето на неговото важење, не бил во несогласност односно во спротивност со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

У. бр. 11/89
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**393.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 5 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за одобрување на средства за работа на село на просветните работници и директорите на централните училишта, донесена од Собранието на Самоуправната интересна заедница за основно воспитание и образование и општествена заштита на децата од Титов Велес, на седницата одржана на 24 октомври 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената самоуправна интересна заедница на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 168/88 од 8 февруари 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што со неа се предвидува да се одобруваат посебни средства за работа на село и за трошоци за превоз само на просветните работници кои вршат воспитно-образовна работа во селата во општина Титов Велес и живеат на подрачјето на таа општина, а не и за просветните работници кои работат на село, а живеат во други општини во Републиката.

4. На седницата Судот утврди дека во член 1 од оспорената одлука е предвидено дека се одобруваат средства за работа на село на просветните работници кои изведуваат воспитно-образовна работа на село, а постојано или привремено живеат на подрачјето на општината Титов Велес.

Од означената одредба, според мислењето на Судот, произлегува дека се исклучуваат од правото на посебен надоместок за работа на село просветните работници кои изведуваат воспитно-образовна работа во селата на општината Титов Велес, а живеат во други општини во Републиката.

Според Оддел II став 3 алинеја 9 од Основните начела на Уставот на СР Македонија неприкосновената основа на положбата и улогата на човекот, покрај другото, ја сочинуваат и еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето во согласност со уставноста и законитоста.

Со оглед на тоа што во член 1 од Одлуката е предвидено надоместок за работа на село да добиваат само просветните работници кои живеат во општината Титов Велес, а се исклучуваат од ова право просветните работници кои, исто така, изведуваат воспитно-образовна работа на село, но живеат во други општини во Републиката, Судот утврди дека овој член од одлуката не е во согласност со означеното уставно начело.

5. Во член 2 од Одлуката е предвидено дека на вработените просветни работници од подрачјето на општината Титов Велес кои патуваат од град на село и обратно им се признаваат патни трошоци каде има организиран јавен превоз во висина на возниот билет на железничкиот односно автобускиот сообраќај.

Од означенава одредба, според мислењето на Судот, произлегува дека просветните работници кои живеат во други општини во Републикава, а вршат воспитно-образовна работа во селата на подрачјето на општината Титов Велес, немаат право на надоместок за патните трошоци како и другите вработени. Судот смета дека е право на самоуправната интересна заедница, во зависност од материјалните можности да одлучи дали и во која висина ќе обезбедува средства за надоместок на патните трошоци на работниците кои вршат воспитно-образовна работа во училиштата во селата. Притоа, согласно уставното начело на еднаквост, треба таков надоместок да се обезбеди за сите работници кои се наоѓаат во еднакви услови односно за сите работници кои имаат трошоци за доаѓање и враќање од работа, па и на работниците кои живеат на подрачјето на други општини, а работат на село и тоа најмалку во износ кој се обезбедува за работниците кои живеат на подрачјето на општината Титов Велес.

Со оглед на тоа што со член 2 од Одлуката просветните работници кои живеат во други општини, а вршат воспитно-образовна дејност во училиштата на село од подрачјето на општината Титов Велес, се исклучуваат од правото на надоместок за патни трошоци за доаѓање и враќање од работа на село, Судот утврди дека и оваа одредба не е во согласност со означеното уставно начело на еднаквост.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 168/88
5 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**394.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 12 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за дополнување на Правилникот за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка на Работната организација „Медицински центар“ во Штип, донесена со референдум на 4 февруари 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означениот Медицински центар на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 70/88 од 18 јануари 1989 година, поведе постапка за оценување законитоста на одлуката означена во точката 1 од ова решение, затоа што се постави прашањето за нејзината спротивност со Законот за здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди дека со оспорената одлука е извршено дополнување на Прегледот на работи и работни задачи по групи со коефициенти и бодови за сложеност, одговорност и условите за работа, што е составен дел на Правилникот за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка. Судот, исто така, утврди дека не е спроведена претходна расправа од работниците пред донесувањето на Одлуката.

Според член 437 став 2 од Законот за здружениот труд за сите прашања за кои се донесуваат одлуки со лично изјаснување на работниците мора да се обезбеди претходно расправање за тие прашања на начин определен со статутот.

Со оглед на тоа што оспорената одлука е донесена без претходна расправа на работниците во Медицинскиот центар, Судот утврди дека таа е во спротивност со означената одредба од Законот.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 70/88
12 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПАТИШТА

**178.**

Врз основа на член 96 став 2 и член 99 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ“ број 15/80, 26/80, 28/82, 13/86, 28/88), и член 18 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта, Собранието на Републичката СИЗ за патишта, на седницата одржана на 25 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ И ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ НАДОМЕСТ ЗА УПОТРЕБА НА ДЕЛНИЦИТЕ ОД АВТОПАТОТ КУМАНОВО — ТИТОВ ВЕЛЕС ЗА ВОЗИЛАТА РЕГИСТРИРАНИ ВО СФРЈ

Член 1

Во Одлуката за воведување и висината на посебниот надомест за употреба на делниците од Автопатот Куманово — Титов Велес за возилата регистрирани во СФРЈ („Службен весник на СРМ“ број 36/88 и 7/89), во членот 2, одредбите од 1, 2, 3 и 4 се менуваат и гласат:

„1. За моторни возила со две осовини и висина до 1,3 м. (кај предната осовина на возилото) за правците:

| | |
|---|---|
| Куманово — Титов Велес | 6.000 динари |
| Куманово — Миладиновци | 2.500 динари |
| Петровец — Титов Велес | 3.500 динари |

2. За моторни возила со повеќе од две осовини и висина до 1,3 м. (кај предната осовина на возилото) за правците:

| | |
|---|---|
| Куманово — Титов Велес | 9.000 динари |
| Куманово — Миладиновци | 4.000 динари |
| Петровец — Титов Велес | 5.000 динари |

3. За моторни возила со две и три осовини и висина поголема од 1,3 м. (кај предната осовина на влечното возило) за правците:

| | |
|---|---|
| Куманово — Титов Велес | 18.000 динари |
| Куманово — Миладиновци | 7.500 динари |
| Петровец — Титов Велес | 10.500 динари |

4. За моторни возила со повеќе од три осовини и висина поголема од 1,3 м (кај предната осовина на возилото) за правците:

| | |
|---|---|
| Куманово — Титов Велес | 36.000 динари |
| Куманово — Миладиновци | 15.000 динари |
| Петровец — Титов Велес | 21.000 динари |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08/5-1026/1
25 мај 1989 година
Скопје

Претседател,
**Никола Танески**, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**179.**

Врз основа на член 114 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87 и 4/89), и член 142 став 1 точка 2, а во врска со член 211 став 3 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84 и 33/86), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 1989 година, донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84 и 33/86) во член 1 по зборот „работниците“ се става запирка и се додаваат зборовите „индивидуалните земјоделци“.

Член 2

Во член 2 ред шести, по зборот „работници“ и заградата со точка и запирка се додаваат зборовите: „индивидуалните земјоделци — обврзници за плаќање данок од личен доход од вршење на земјоделска дејност на кои земјоделската дејност им е единствено занимање (во натамошниот текст: индивидуални земјоделци)“ и се става точка и запирка, а пред зборовите „и другите работни луѓе“ се става запирка и се додаваат зборовите „индивидуалните земјоделци“.

Член 3

Член 12 се брише.

Член 4

Во глава „II. Права од пензиското и инвалидското осигурување“ точката 6 „Највисока пензија“ се брише, а точките 7, 8, 9, 10 и 11 стануваат точки 6, 7, 8, 9 и 10.

Член 5

Во член 16 став 1 по зборот „според“ се бришат зборовите: „нивото на личните доходи од годината која претходи на“, а место нив се додаваат зборовите: „просекот на личните доходи во“.

Во истиот член став 2 се менува и гласи:

„Ако основата на надоместокот место личен доход за време на привремена спреченост од работа е определена од личниот доход остварен во претходна и тековна година, валоризација се врши само на делот на основата определена од личниот доход остварен во претходната година со валоризациони коефициенти со кои се валоризира личниот доход за таа година“.

Член 6

Член 19 се менува и гласи:

„Инвалид на трудот со преостаната работна способност кој во Заедницата или самоуправна организација и заедница се здобил со право на професионална рехабилитација односно преквалификација или доквалификација, право на распоредување на други соодветни работи и работни задачи или право на соодветно вработување, се здобива со право на инвалидска пензија кога ќе ги исполни условите од член 46 и кога ќе ги наврши годините на живот од член 47 од Законот, ако до тие години не е распореден односно не е упатен на преквалификација или доквалификација или соодветно вработување“.

Член 7

Во член 24 став 1 во точките 3 и 4 зборовите: „30 отсто од загарантираниот личен доход по член на семејството остварен во Републиката во претходната година“, се заменуваат со зборовите: „25 насто од просечниот личен доход остварен во Републиката во претходната година“.

Член 8

Во член 28 по зборот „доход“ се става точка, а зборовите до крајот на ставот се бришат.

Член 9

Во член 29 став 2 се менува и гласи:

„Со општ акт на Заедницата се определува кога корисникот на пензија и членовите на неговото домаќинство немаат други приходи доволни за издржување во смисла на став 1 од овој член“.

Член 10

По член 29 се додава нов член 29-а, кој гласи:

„Како приходи на домаќинството на корисникот на пензија се сметаат приходите остварени во годината што претходи на годината во која е поднесено барањето, и тоа:

1) приходи остварени врз основа на работен однос (лични доходи, надоместоци, пензии);

2) катастарски приход од вршење на земјоделска дејност;

3) приходи од вршење на самостојна или професионална дејност или од интелектуални услуги, како и приходи од имотни права што подлежат на данок“.

Член 11

Членот 34 се менува и гласи:

„Како корисници кои немаат други приходи доволни за издржување во смисла на член 29 од овој статут се сметаат и корисниците на пензија кај кои од промената во материјалната состојба во поглед на приходите од земјоделска дејност и имот и имотни права што подлежат на данок (отуѓување на имот или откажување од наследство) над цензусот на приходите утврден со општ акт на Заедницата, поминале најмалку 5 години.

Ако промената во поглед на приходите од земјоделска дејност настапила со отстапување на имотот на општествената заедница рокот од став 1 на овој член не се применува“.

Член 12

По член 37 се додава член 37-а, кој гласи:

„Корисникот на додаток на пензија е должен најдоцна до 30 март секоја година да доставува докази според кои ќе се утврди дали и понатаму се исполнети условите за користење на ова право“.

Член 13

Член 38 се брише.

Член 14

Во член 41 став 1, алинеите 1 и 2 се менуваат и гласат:

— 18 насто од загарантираниот личен доход кога телесното оштетување е предизвикано со повреда на работа или професионална болест;

— 13 насто од загарантираниот личен доход кога телесното оштетување е предизвикано со болест или повреда надвор од работата.

Член 15

Член 49 се менува и гласи:

„Висината на паричниот надоместок за помош и нега се определува во проценти од загарантираниот личен доход и тоа:

— 45 насто за осигурениците во работен однос и за корисниците на старосна или инвалидска пензија со право на додаток на пензијата;

— 35 насто за корисниците на старосна или инвалидска пензија кои не се корисници на правото на додаток на пензијата

Висината на паричниот надоместок за помош и нега за корисниците на семејна пензија изнесува 70 насто од износот на соодветната група од став 1 на овој член“.

Член 16

Член 50 се менува и гласи:

„За корисниците на паричен надоместок за помош и нега на кои е обезбедена помош и нега од специјализирана општествена организација, Заедницата може да учествува со поголем износ од паричниот надоместок од член 49 на овој статут на начин и во висина определени со самоуправен општ акт на Заедницата“.

Член 17

Во член 53 се додава став 2, кој гласи:

„Инвалид на трудот од член 38 став 2 од Законот кај кого инвалидноста е причинета со болест или повреда надвор од работата ги остварува правата од став 1 на овој член под истите услови за остварување право на инвалидска пензија, во поглед на пензискиот стаж“.

Член 18

Член 54 се брише.

Член 19

По член 60 се додава нов член 60-а, кој гласи:

„Паричниот надоместок за работа пократка од полното работно време од член 37 став 2 од Законот се пресметува и исплатува врз основа на чистиот личен доход што го остварил осигуреникот со работа пократка од полното работно време, месечно, во вид

на аконтација, а конечно се пресметува и исплатува по завршната сметка на организацијата во која осигуреникот е вработен.

Ако осигуреникот работи подолго работно време од работното време кое е утврдено според неговата работна способност, надоместокот се определува според личниот доход за работното време со кое работи, до полното работно време.

За времето на привремена спреченост од работа за кој на осигуреникот од став 1 и 2 на овој член му припаѓа надоместок место чист личен доход по прописите за здравствена заштита, надоместокот за работа пократка од полното работно време се исплатува во процент во кој е определен надоместокот место чист личен доход по прописите за здравствена заштита".

Член 20

По член 61 се додава нов член 61-а, кој гласи:

„Осигуреник со право на работа пократка од полното работно време на други работи и работни задачи, покрај надоместокот за работа со скратено работно време има право на надоместок поради помал личен доход во случај кога износот на остварениот чист личен доход и надоместокот по основа на работа пократка од полното работно време е помал од чистиот личен доход што би го остварил осигуреникот на работните задачи на кои работел непосредно пред настапувањето на инвалидноста".

Член 21

Во член 62 став 1 зборовите „работејќи со нормален работен учинок" се бришат место нив се додаваат зборовите: „за работа со нормален работен учинок на работи и работни задачи, пред и по настапувањето на инвалидноста".

Во став 3 од истиот член по точката се додаваат зборовите:

„Аконтацијата на надоместокот се усогласува според порастот на личните доходи во основната организација на здружен труд за шестте месеци од тековната година".

Член 22

По член 63 се додаваат два нови члена 63-а и 63-б кои гласат:

„Член 63-а

Надоместокот поради помал личен доход од член 62 на овој статут и чистиот личен доход што го остварува инвалидот на трудот на други работи и работни задачи може да изнесуваат најмногу до висината на просечниот чист личен доход што го остваруваат другите работници за нормален работен учинок на исти или соодветни работи и работни задачи во истата организација на кои инвалидот работел пред настапувањето на инвалидноста.

Ако инвалидот на трудот се вработи во друга основна организација на здружен труд во истата работна организација или во друга работна организација, надоместокот поради помал личен доход и чистиот личен доход што го остварува инвалидот на трудот на други работи и работни задачи може да изнесуваат најмногу до висината на просечниот чист личен доход што го остваруваат другите работници работејќи со нормален работен учинок на исти или соодветни работи и работни задачи со иста или соодветна стручна подготовка.

Член 63-б

Паричните надоместоци од член 39 став 1 од Законот што ги исплатува самоуправната организација и заедница се надоместуваат од средствата на Заедницата врз основа на решенија за остварените права по основ на преостанатата работна способност и паричните надоместоци во врска со тие права.

Надоместувањето на средствата за исплатените парични надоместоци од став 1 на овој член се врши по истекот на секое тримесечје во тековната година.

Поблиските услови за начинот на надоместување на паричните надоместоци ќе се утврдат со самоуправен општ акт на Заедницата".

Член 23

По член 72 се додава нова глава II-а со три нови члена, кои гласат:

„II-А ДОБРОВОЛНО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 72-а

Со доброволно пензиско и инвалидско осигурување осигурениците од член 9-а од Законот обезбедуваат право од пензиското и инвалидското осигурување во ист обем, под исти услови и на начин како и индивидуалните земјоделци.

Член 72-б

Основица за пресметување и плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување за осигурениците од член 9-а од Законот претставува најниската основица на осигурување определен според висината на катастарскиот приход од вршење на земјоделска дејност определена за индивидуалните земјоделци.

Осигуреникот, по негово барање, може да биде распореден во непосредно повисока основица на осигурување.

Член 72-в

Пресметувањето и наплатувањето на придонесот за осигурениците опфатени со доброволно осигурување го врши Заедницата.

Поблиските услови за прием во осигурување, за определување основици на осигурување и за начинот на пресметување и наплата на придонесот ќе се уредат со самоуправен општ акт на Заедницата".

Член 24

Во член 76 зборот „четири" се заменува со зборот „шест" по зборот „како" се додава бројката „13" и зборот „односно", а по бројката „16" по запирката се додава зборот „односно" и бројката „17" и се става запирка.

Член 25

Во член 84 став 1 точката „3" се брише а точките „4 и 5" стануваат точки „3 и 4".

Член 26

Во главата V зборовите „Остварување на правата" се заменуваат со зборовите „Утврдување својство на осигуреник".

Точката 1 „Утврдување својство на осигуреник" се брише.

Член 27

Пред точка 2 „Надлежност на решавање на правата" се додава нова глава V-А која гласи:

„V-А ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА"

Точките „3, 4, 5 и 6" стануваат точки „1, 2, 3, 4 и 5".

Член 28

Член 92 се менува и гласи:

„Решение за право од пензиското и инвалидското осигурување во прв степен донесува секретарот на Собранието на Заедницата.

Решение за право од пензиското и инвалидското осигурување во прв степен може по овластување на секретарот на Собранието на Заедницата да донесува овластен работник на стручната служба на самоуправната интересна заедница на која и е доверено вршењето на работите од пензиското и инвалидското осигурување".

Член 29

Во член 94 зборовите „основните заедници" се заменуваат со зборовите: „Стручната служба на Самоуправната интересна заедница на која и е доверено вршењето на работите од пензиското и инвалидското осигурување".

Член 30

Во член 95 став 2 по зборовите „година на осигурување" и запирката, се додаваат зборовите „решение за престанок на работниот однос" и се става запирка.

Член 31

Член 101 се брише.

Член 32

Во членот 103 се додаваат 2 нови става кои гласат:

„Органот надлежен за решавање на правата од пензиското и инвалидското осигурување при постоење на загубена работна способност должен е претходно да донесе решение за постоење на загубена работна способност.

Решение за утврдена загубена работна способност од став 2 на овој член се доставува на организацијата во која осигуреникот е вработен, по правосилноста на решението".

Член 33

Во глава VI во називот пред зборот „користење" се додава зборот „остварување" и се става запирка.

Член 34

Во член 110 став 1 зборовите „исплатува" се заменуваат со зборот „остварува", во став 2 зборот „исплатувањето" се заменува со зборот „правото", а зборовите „се запира" се заменуваат со зборот „престанува" и во став 3 зборот користење" се заменува со зборот „остварување" а зборот „исплатува" се заменува со зборот „остварување".

Член 35

По член 112 се додава нова глава „VI-а Инвалидска заштита" со три нови члена 112-а, 112-б и 112-в, кои гласат:

„Член 112-а

Заради превентива од настапување на инвалидност, распоредување на инвалиди на трудот и вработување на инвалидни лица, Заедницата ја поттикнува, развива и унапредува инвалидската заштита

Унапредувањето и развојот на инвалидската заштита според овој статут се остварува преку учество на Заедницата во:

1) преземање на превентивни мерки во врска со заштита при работа, заштита на работната средина во организациите на здружен труд во кои карактерот на работата и условите за работа создаваат инвалиди на трудот со обезбедување на технички средства со кои може трајно да се отстранат или намалат штетните влијанија врз работната способност на работниците;

2) помагање на научно-истражувачката дејност во областа на превенцијата на инвалидноста во организациите на здружен труд во областа на стопанството, ако тоа го бара организацијата на здружен труд и ако таа дејност непосредно е поврзана со условите на работа и потребите на организацијата на здружениот труд;

3) учество во развојот и унапредувањето на дејноста на диспанзерите по медицина на трудот за следење на здравствената состојба и работната способност на работниците кои работат на работи и работни задачи штетни по здравјето и работната способност како и за откривање на причините кои предизвикуваат професионални заболувања, за нивно ефикасно и благовремено отстранување;

4) учество во создавањето на материјални услови во организации од областа на здравството каде постојат организирани облици на превентивна заштита на работниците;

5) создавање на материјални услови за распоредување на инвалиди на трудот со преостаната работна способност на други соодветни работи и работни задачи преку отварање на нови или адаптација на постојните работни места;

6) создавање на материјални услови за вработување на инвалиди на трудот со преостаната работна способност;

7) создавање на материјални услови за вработување на деца со пречки во психичкиот и физичкиот развој (деца на осигуреници) со здружување на средства со други самоуправни интересни заедници во висина, на начин и под услови определени со самоуправен општ акт и самоуправна спогодба.

Член 112-б

За унапредување и остварување на целите на инвалидската заштита од член 112-а, Заедницата учествува со неповратни средства според утврдените програми за преземање на мерки од областа на инвалидската заштита и врз основа на самоуправни спогодби за заедничко финансирање на тие програми во кои се утврдуваат правата и обврските на учесниците и висината на средствата.

Условите, мерилата и критериумите за обезбедување на средства наменети за инвалидска заштита како и начинот, постапката за нивно одобрување и нивното наменско користење се определуваат со самоуправен општ акт на Заедницата.

Член 112-в

Заради создавање на материјални услови за остварување на инвалидска заштита од член 112-а точка 1, 3, 4 и 5 од Статутот на Заедницата може да обезбеди и средства со обврска на враќање на корисниците на општествени средства.

Поблиските услови, мерила и критериуми за одобрување на средствата од став 1 на овој член се определуваат со самоуправен општ акт на Заедницата".

Член 36

Во член 113 став 2 по зборот „одморот" запирката и зборот „закрепнување" се бришат, а по зборот „пензија" се става точка и зборовите до крајот на ставот се бришат.

По став 2 се додаваат два нови става, кои гласат:

„Обемот, условите, видовите и начинот на остварувањето на општествениот стандард на корисниците на пензија од став 2 на овој член поблиску се определуваат со самоуправен општ акт на Заедницата".

За корисниците на минимална старосна или семејна пензија остварена според Законот за старосното осигурување на земјоделците и за корисниците — индивидуални земјоделци кои пензијата ќе ја остварат според Законот, во Заедницата не се создаваат услови за подигање на општествениот стандард".

Член 37

Членовите 114 и 115 се бришат.

Член 38

Член 116 се менува и гласи:

„Осигурениците и корисниците на пензија управуваат со работите на Заедницата со изјаснување на референдум, собири на осигурениците и други форми на лично изјаснување, преку делегатите во Собранието на Заедницата кои ги избираат од своите делегации, со самоуправно спогодување и општествено договарање како и со насочување и контрола на работата на органите на Заедницата и стручната служба на Заедницата".

Член 39

Во член 117 став 1, зборовите „по иницијатива на најмалку половина од основните заедници" се бришат.

Член 40

Во член 121 точка 2, зборовите „и во основните заедници" се бришат.

Во точка 3 зборовите „и собранијата на основните заедници" се бришат.

Во точка 6 зборовите „Предлог-статутот" се заменуваат со зборовите „Нацрт на статутот", а зборовите „и основните заедници" се бришат.

Член 41

Во член 122 став 2 точка 2 после запирката и зборовите „нацртот на" се додаваат зборовите „среднорочните и годишните планови и програми" а зборовите „плановите и програмите" се бришат.

Член 42

Во член 130 став 1, по зборовите „здружените земјоделци" се става запирка и се додаваат зборовите „индивидуалните земјоделци".

Член 43

Во член 142 точка 10 се менува и гласи:

„10) одлучува за доверување на вршењето на стручните, управните, финансиските и техничките работи на Заедницата на стручната служба на друга самоуправна интересна заедница или самоуправна организација".

Во истиот член точка 11 се менува и гласи:

„11) одлучува за основање на работна организација или заедница за вршење на работи сврзани со функцијата и дејноста на Заедницата".

Во истиот член точките „17 и 18" се бришат.

Во истиот член точката 22 се менува и гласи: „го избира секретарот на Собранието на Заедницата".

Точките „19, 20, 21, 22 и 23" стануваат точки „17, 18, 19, 20 и 21".

Член 44

Во член 144 зборовите „една година" се заменуваат со зборовите „две години".

Член 45

Во член 148 по точка 6 се додаваат четири нови точки, кои гласат:

„7) ги врши работите од делокругот на Собранието на Заедницата во војна, во непосредна воена опасност и во други вонредни околности, доколку Собранието не може да се состанува;

8) ја утврдува организацијата на работата на Стручната служба на Заедницата во војна, во непосредна воена опасност и во други воени околности;

9) го утврдува развојот на општонародната одбрана и општествената самозаштита и врши усогласување на заедничките интереси во остварувањето на општонародната одбрана во областа за која е основана Заедницата".

Точката „7" станува точка „10" по која се додаваат две нови точки, кои гласат:

„11) донесува одлуки за: усогласување на пензиите и другите парични надоместоци, валоризациони коефициенти за пресметување на пензиската основа, најнизок износ на пензија, граничен износ на најниско пензиско примање и определување надоместок на трошоците за сместување и исхрана на деца со пречки во физичкиот и психичкиот развој.

12) склучува спогодба за меѓусебните права, обврски и одговорности помеѓу Заедницата и стручните служби на самоуправната интересна заедница или самоуправната организација на која и е доверено вршењето на работите од пензиското и инвалидското осигурување".

Точките 8, 9 и 10 стануваат точки „13, 14 и 15" по кои се додава нова точка 16 која гласи:

„16) во рамките на средствата предвидени со годишните програми и средствата утврдени со финансиските планови на Заедницата донесува одлуки за одобрување на средства наменети за унапредување на инвалидската заштита".

Точката 11 станува точка 17 но со изменет текст, која гласи:

„17) одлучува за непосредно извршување на финансискиот план на Заедницата врз основа на општ акт на Собранието на Заедницата".

По новата точка 17 се додава нова точка 18 која гласи:

„18) дава мислење за изборот на работниците со посебни овластувања и одговорности во Стручната служба на Заедницата".

Точките „12" и „13" стануваат точки „19 и 20".

Член 46

Во член 150 се додава нов став 2, кој гласи:

„За донесените одлуки од член 148 од овој статут Извршниот одбор го известува Собранието на Заедницата на првата наредна седница".

Член 47

Во член 152 став 1, точката 1 се брише, точката 2 станува точка 1 и се додаваат три нови точки, кои гласат:

„2) Комисија за остварување и унапредување на инвалидската заштита;

3) Комисија за општествен стандард на корисниците на пензија;

4) Комисија за прашања на остварувањето на правата и обврските на индивидуалните земјоделци".

Точките „3, 4, 5 и 6" стануваат „5, 6 и 7".

Член 48

Во член 158 став 1, по точката 4 се додава нова точка 5, која гласи:

„5) дава појаснувања за применувањето на прописите од пензиското и инвалидското осигурување".

Точка 6 се менува и гласи:

„6) донесува решенија за правата од пензиското и инвалидското осигурување".

Точките 5, 6, 7 и 8" стануваат точки „6, 7, 8 и 9".

Точка 9 станува точка 10 и се менува и гласи:

„10) одлучува за набавка на средства за работа на Заедницата врз основа на финансискиот план на Заедницата и на општ акт на Собранието на Заедницата".

Точка „10" се брише а точка „11" станува точка „10".

Во став 2 по зборот „одговорности" се става точка, а зборовите до крајот на ставот се бришат.

Член 49

Членот 160 се брише.

Член 50

Во член 161 став 2, зборовите „Собранието на основната заедница" се бришат.

Член 51

Насловот „Основната заедница" со членовите 174, 175, 176, 177, 178 и 179 се бришат.

Член 52

Во член 180 став 2 зборовите: „работна заедница" се бришат а место нив се додаваат зборовите „во една или повеќе работни заедници".

Во истиот член став 5 се менува и гласи:

„Работите од став 1 на овој член Заедницата може да ги довери на стручна служба на друга самоуправна интересна заедница или самоуправната организација".

Член 53

Во член 182 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Со самоуправна спогодба се уредуваат и меѓусебните права, обврски и одговорности помеѓу Заедницата и стручната служба на Самоуправната интересна заедница или самоуправната организација на која и се доверени работите од пензиското и инвалидското осигурување".

Во став 2, кој станува став 3, по бројката „11" се додаваат зборовите „и 2".

Став 3 станува став 4.

Член 54

Член 185 се менува и гласи:

„Во рамките на Заедницата осигурениците и корисниците на пензија го планираат развојот на пензиското и инвалидското осигурување во согласност со општествено-економскиот развој во Републиката.

Во планирањето на развојот на пензиското и инвалидското осигурување осигурениците и корисниците на пензија ги утврдуваат и усогласуваат заедничките интереси и цели од областа на пензиското и инвалидското осигурување врз начелата на самоуправно спогодување и договарање".

Член 55

Член 186 се менува и гласи:

„Основа за планирање на целите и задачите на развојот на пензиското и инвалидското осигурување од член 185 од Статутот се насоките утврдени во планот за среднорочниот општествено-економски развој на Републиката во согласност со обврските и правата што произлегуваат од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, овој статут, општествените договори и самоуправните спогодби".

Член 56

Член 187 се брише.

Член 57

Во член 188 став 1 зборовите: „врз основа на Самоуправанта спогодба за основите на планот“ се бришат, а место нив се додаваат зборовите „и годишна програма за негово остварување“.

Во истиот член по став 1 се додава нов став, кој гласи:

„Среднорочниот план е основен план за развој на пензиското и инвалидското осигурување и се донесува за период од пет години“.

Ставот 2 станува став 3 и по алинеја 7 се додава алинеја 8 која гласи:

— „извршување на обврските на Заедницата во областа на стажот на осигурување што се смета со зголемено траење“.

Член 58

Член 189 се менува и гласи:

„Со годишната програма за работа и развој на Заедницата за остварување на среднорочниот план за развој на пензиското и инвалидското осигурување се утврдува динамиката на остварувањето на целите и задачите предвидени со среднорочниот план, се определуваат мерките и активностите и, врз таа основа, се утврдуваат носителите на обврските во остварувањето на планот во таа година“.

Член 59

Член 190 се брише.

Член 60

Во член 191 по зборот „Законот“ зборовите: „Самоуправната спогодба за основите на планот за развојот на Заедницата“ се бришат, а по зборот „Статут“ се додава запирка и зборовите: „годишна програма за остварување на развојот на Заедницата“.

Член 61

Во член 192 по зборовите „општ акт“, зборовите до крајот на ставот се бришат, а место нив се додаваат зборовите: „во согласност со целите, задачите, заедничките потреби и интереси во пензиското и инвалидското осигурување утврдени со годишната програма за остварување на развојот на Заедницата“.

Член 62

По член 192 се додава нов член 192-а, кој гласи:

„За правилно и навремено остварување на средствата наменети за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување Заедницата врши увид за начинот на пресметувањето и наплатувањето на придонесите на обврзниците утврдени во Законот“.

Член 63

Членовите 194, 195, 196 и 198 се бришат.

Член 64

Во член 199 точка 3 се брише.

Член 65

Во член 201 став 1 зборот „двомесечна“ се заменува со зборот „едномесечна“.

Член 66

Во главата „X Народна одбрана и општествена самозаштита“ поднасловот „Народна одбрана“ се брише и членот 206 се заменува и гласи:

„Во рамките на подготовките за одбрана во случај на воена опасност, во војна и други вонредни околности, Заедницата организира и спроведува пропишани мерки во согласност со концепцијата за општонародна одбрана и општествена самозаштита.

Носители на одбранбените подготовки во Заедницата се: Собранието на Заедницата, Извршниот одбор на Собранието на Заедницата, секретарот на Собранието на Заедницата и Стручната служба на Заедницата“.

Член 67

Член 207 се менува и гласи:

„Заедницата во согласност со единствените основи на плановите и подготвителните мерки за одбрана на земјата и со основите на подготовките на општествените дејности за функционирање во војна, подготвува и донесува во мир план за одбрана.

Со планот за одбрана од став 1 на овој член Заедницата ги утврдува задачите, организацијата, силите, средствата, мерките и постапките за одбрана и за својата работа и другите одбранбени активности во војна и непосредна воена опасност.

Заедницата донесува и посебен план за други вонредни околности со кој се утврдуваат задачите, организацијата, силите, средствата, мерките и постапките во случај ако со вооружена или друга активност на непријателот во мир, непосредно би била загрозена безбедноста на земјата или нејзини одделни делови и општественото уредување утврдено со уставот“.

Член 68

По член 208 поднасловот „Општествена самозаштита“ и членовите 209 и 210 се бришат, а се додава нов член 209, кој гласи:

„Областа на општонародна одбрана и општествена самозаштита како и надлежностите и задачите на носителите на одбранбените подготовки во Заедницата поблиску се уредуваат со самоуправен општ акт на Заедницата“.

Член 69

Во член 211 став 1, пред зборот „комисиите“ се брише запирката и се додава зборот „и“, а по зборот „собранието“ се додаваат зборовите „на Заедницата“ и се става точка а зборовите до крајот на ставот се бришат.

Член 70

Член 222 се менува и гласи:

„На корисниците на паричен надоместок за помош и нега кои тоа право го оствариле според прописите кои се применуваат до 1 јули 1983 година, висината на паричниот надоместок се определува и тоа:

— за корисниците во прва група, според член 49 став 1 алинеја 1 на овој статут;

— за корисниците во втора група, според член 49 став 1 алинеја 2 на овој статут;

— за корисниците на семејна пензија со право на помош и нега висината на паричниот надоместок се определува според член 49 став 2 на овој статут“.

Член 71

Член 224 се менува и гласи:

„До устројувањето на матичната евиденција на осигурениците и корисниците на пензија податоците за чистиот личен доход кој се засметува во пензиската основа и за утврдувањето на стажот на осигурување ќе се прибавуваат од организациите, доколку не се евидентирани во матичната евиденција“.

Член 72

После член 225 се додаваат 6 нови членови: 225-а, 225-б, 225-в, 225-г, 225-д и 225-ѓ кои гласат:

„Член 225-а

Корисниците кои правата врз основа на преостанатата работна способност и паричните надоместоци во врска со тие права ги оствариле во Заедницата до влегувањето во сила на оваа Статутарна одлука се здобиваат со право на инвалидска пензија кога ќе ги наврщат годините на живот од член 47 од Законот, ако до тие години не се распоредени односно не се упатени на преквалификација или доквалификација или соодветно вработување.

Член 225-б

На корисниците на надоместок поради помал личен доход на друга работа, кои тоа право го оствариле според прописите кои важеле пред влегувањето во сила на оваа статутарна одлука, паричниот надоместок се усогласува според член 62 став 3 од овој статут.

Член 225-в

Одредбите на член 37-а од овој статут ќе се применуваат и на корисниците кои правото на додаток на пензијата го оствариле пред влегувањето во сила на оваа статутарна одлука.

Член 225-г

На корисниците на паричен надоместок за телесно оштетување и паричен надоместок за помош и нега, кои тоа право го оствариле според прописите

кои важеле пред влегувањето во сила на оваа статутарна одлука, паричниот надоместок се определува според членовите 41 и 49 од овој статут.

Член 225-д

Функциите на самоуправните органи на основните заедници, ќе престанат најдоцна до истекот на три месеци од влегувањето во сила на оваа статутарна одлука.

Член 225-ѓ

До доверувањето на работите од член 180 став 3 од овој статут, управните, финансиските, административните и техничките работи ќе ги вршат овластените стручни служби, најдоцна во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на оваа статутарна одлука".

Член 73

Извршниот одбор на Собранието на Заедницата ќе подготви пречистен текст на Статутот на Заедницата.

Член 74

Оваа статутарна одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" по нејзино потврдување од Собранието на СР Македонија.

Оваа статутарна одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

Бр. 02-610/1
28 февруари 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

**180.**

Врз основа на член 142 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84, 33/86 и 22/89), а во врска со член 39 и член 43 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87 и 4/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА САМОУПРАВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ ЗА ИСПЛАТЕНИТЕ ПАРИЧНИ НАДОМЕСТОЦИ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ СО ПРЕОСТАНАТА РАБОТНА СПОСОБНОСТ

Член 1

Со оваа одлука поблиску се утврдуваат условите и начинот на надоместувањето на средствата на самоуправните организации и заедници за исплатените парични надоместоци остварени по основа на преостаната работна способност, опасност од настапување на инвалидност или изменета работна способност што паѓаат на товар на средствата на Заедницата.

Член 2

Од средствата на Заедницата се врши надоместување на средствата на самоуправни организации и заедници за исплатените парични надоместоци остварени врз основа на преостаната работна опасност од настапување на инвалидност или изменета работна способност и тоа:

1) за паричниот надоместок за работа со скратено работно време;

2) за надоместок поради помал личен доход за осигурсници распоредени на други работи и работни задачи на кои остваруваат помал личен доход од личниот доход што го оствариле на работите и работните задачи на кои работеле пред настапувањето на инвалидноста.

Член 3

Надоместувањето на средствата од член 2 на оваа одлука се врши врз основа на решенија за остварените права по основа на преостанатата работна способност и паричните надоместоци во врска со тие права.

Надоместувањето на средствата за исплатените аконтативни износи на паричните надоместоци се врши по истекот на секое тримесечје во тековната година.

Член 4

По истекот на годината по донесувањето на конечните решенија за правото на надоместок поради помал личен доход за претходната година на самоуправните организации и заедници им се надоместуваат средствата исплатени по конечните решенија за целата претходна година.

Ако при надоместувањето на средствата од став 1 на овој член се утврди претплата на исплатените аконтативни износи на паричниот надоместок за претходната година, тие средства се враќаат на Заедницата.

Член 5

За надоместување на исплатените парични надоместоци од член 2 на оваа одлука самоуправната организација и заедница поднесува барање до стручната служба на пензиското и инвалидското осигурување надлежна за решавање на правата во прв степен на подрачјето каде осигуреникот е вработен.

Кон барањето за надоместување на средствата за соодветното тримесечје од став 1 на овој член организацијата доставува:

— решенија за остварените права врз основа на преостанатата работна способност и паричните надоместоци;

— пресметка за извршената исплата за изминатото тримесечје;

— потврда за часовите ефективно поминати на работа;

— потврда за часовите поминати на боледување до 30 дена, по месеци;

— потврда за порастот на личните доходи во организацијата по шестмесечна пресметка.

По донесувањето на конечни решенија за висината на надоместокот поради помал личен доход за претходната година организацијата со барањето доставува:

— решенија за конечен износ на надоместокот поради помал личен доход за претходната година,

— пресметка за извршената исплата по конечните решенија;

— потврда за оствареност личен доход од годината што претходи на годината во која настапила инвалидноста за работа со полно работно време при првото надоместување на конечен износ на надоместокот поради помал личен доход;

— потврда за остварениот личен доход по завршна сметка на другите работи и работни задачи на кои осигуреникот е распореден по настапувањето на инвалидноста и податок за порастот на личните доходи во организацијата по завршна сметка.

Член 6

Врз основа на доставената документација од член 5 став 2 и 3 на оваа одлука, Стручната служба на пензиското и инвалидското осигурување врши увид и контрола на извршената исплата.

По исклучок од став 1 на овој член увид и контрола на исплатените парични надоместоци може да се врши и во самоуправната организација и заедница.

Член 7

Ако при увидот и контролата од член 6 на оваа одлука се констатира неправилна исплата на паричните надоместоци стручната служба ќе ја запознае организацијата, а надоместувањето на средствата ќе го изврши во висина на надоместоците што му припаѓаат на осигуреникот согласно прописите од пензиското и инвалидското осигурување.

Стручната служба на пензиското и инвалидското осигурување е должна надоместувањето на средствата на организацијата да го изврши најдоцна по истекот на 15 дена по доставувањето на барањето за надоместување на средствата.

За извршеното надоместување на средствата Стручната служба води евиденција, регистрира податоци кои при натамошното надоместување организацијата не е должна да ги доставува.

Член 8

Ако за време на користењето на правата врз основа на преостаната работна способност настанат промени кои се од влијание за користењето на паричните надоместоци, организацијата е должна да донесе решение во рок од 8 дена по настаната промена и да го достави до Стручната служба при рефундирањето на средствата во наредното тримесечје.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ" а ќе се применува од 11 февруари 1989 година.

Бр. 15-1229/1
25 април 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

---

**181.**

Врз основа на член 142 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84, 33/86 и 22/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 1989 година, донесе.

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИХОДИТЕ НА КОРИСНИКОТ НА ПЕНЗИЈА И ЧЛЕНОВИТЕ НА НЕГОВОТО ДОМАЌИНСТВО ОД КОИ ЗАВИСИ ПРАВОТО НА ДОДАТОК НА ПЕНЗИЈАТА

Член 1

При остварувањето на правото на додаток на пензијата се смета дека ниту корисникот на пензија ниту членовите на неговото домаќинство немаат други приходи доволни за издржување ако:

1) приходите остварени врз основа на работен однос (лични доходи, надоместоци, пензии) не изнесуваат повеќе од 96.347 динари месечно по член на домаќинството;

2) катастарскиот приход од вршење на земјоделска дејност не изнесува повеќе од 48.174 динари годишно по член на домаќинството;

3) приходите од вршење на самостојна или професионална дејност, или од интелектуални услуги како и приходи од имотни права што подлежат на данок не изнесуваат повеќе од 48.174 динари месечно по член на домаќинството.

При утврдувањето висината на приходите на домаќинството на корисникот на пензија од став 1 на овој член се сметаат приходите остварени за годината што претходи на годината во која е поднесено барањето за остварување право на додаток на пензијата.

Член 2

Ако корисникот на пензија и членовите на неговото домаќинство немаат остварено приходи во претходната година, а такви приходи оствариле во тековната година во која се остварува правото на додаток на пензијата, за утврдување на приходите по член на семејството се земаат просечните приходи остварени во таа година, освен чистиот личен доход на корисникот на пензијата остварен во месеците пред пензионирањето во тековната година.

Член 3

Ако корисникот на пензија и членовите на неговото домаќинство имаат остварено приходи во претходната година, а таквите приходи се смалени во годината во која се остварува правото на додаток на пензијата, за утврдување на приходите по член на семејството се земаат приходите остварени во годината во која се остварува правото на додаток на пензијата

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ" а ќе се применува од денот на влегувањето во сила на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Бр. 15-1232/1
25 април 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — КИЧЕВО

**182.**

Врз основа на член 180 став 1 точка 9 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Кичево, Извршниот одбор на Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Кичево, на седницата одржана на 19 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за висината на стапката на придонесот за здравствена заштита на работниците за 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 2/89) во член 1 стапката „8,5%" се заменува со стапката „9,8%", во алинејата 1 стапката „4,0%" се заменува со стапката „4,6% и во алинејата 2 стапката „4,5%" се заменува со стапката „5,2%".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-1964
19 мај 1989 година
Кичево

Претседател,
**Стојмир Соколески,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — РЕСЕН

**183.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 181 став 1 точка 1 и 8 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Ресен, („Службен гласник на општината Ресен" бр. 9/84), Извршниот одбор на Општинската СИЗ за здравствена и социјална заштита — Ресен, на седницата одржана на 11 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ЗА КОРИСНИЦИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ОПШТИНАТА РЕСЕН ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за стапките на придонесот за здравствена заштита и стапката на посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство на корисниците работници во општината Ресен за 1989 година се вршат следните измени:

Во членот 1 став 3 по алинеја два се додава и:

„— Центар за средно насочено образование „Јосип Броз Тито" — Ресен;

— Здружение на тутуно-производители — Ресен."

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-154/1
11 мај 1989 година
Ресен

Претседател,
д-р **Никола Николовски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ШТИП

**184.**

Врз основа на член 105 од Законот за здравствена заштита и член 136 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Штип, на седницата одржана на 26 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за здружување на средства за здравствена заштита бр. 06-25/2 од 11 јануари 1989 година, во членот 1 по став 2 се додава став 3 кој гласи:

„Средства за здравствена заштита од 4% од бруто личниот доход и другите примања здружуваат:

— организациите на здружен труд од текстилната индустрија МК „Астибо“ со следните ООЗТ: ООЗТ „Солидарност“, ООЗТ „Елпида Караманди“, ООЗТ „Женски програм“, ООЗТ „Васил Доганџиски“, ООЗТ „Пинки“, ООЗТ „Технотекс“, ООЗТ „Општествена исхрана“, „Работна заедница“ и ООЗТ Детска градинка „Астибо“, Текстилен комбинат „Македонка“ и „Политекст“;

— организациите на здружен труд од градежништвото: ООЗТ „Пелагонија“ XII градилиште — Штип, РО „Базалт“ и ООЗТ „Бетон“.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 мај 1989 година. Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 06-14/4
26 мај 1989 година
Штип

Претседател,
**Иван Хаџи Стојанов,** с. р

# КОНКУРСИ

ООЗТ Ф-ка за шеќер „4-ти Ноември“, која делува во состав на РО ЗИК „ПЕЛАГОНИЈА“ — Битола

распишува

**КОНКУРС**

за избор на подобен изведувач (понудувач) и прибирање понуди за изведување на архитектонско градежни работи за изградба на нов котел за проширување на енерганата

Деталните спецификации на работите, како и условите за извршување на работите, се наоѓаат во тендерската документација која може да се подигне од просториите на РО „МАКМЕТАЛ-ИНЖЕНЕРИНГ“ — Скопје, градилиште РЕК „БИТОЛА“ — Битола, со овластување од својата РО и со приложување на потврда за уплатени 1.000.000 динари на жиро-сметка 40300-762-9123 при СОК — Битола, за фабрика за шеќер „4-ти Ноември“ — Битола.

Сите потребни информации можат да се добијат на телефон 097-22-345 и 32-355 или телекс бр. 53234 при РО „МАКМЕТАЛ-ИНЖЕНЕРИНГ“ — Скопје, Градилиште РЕК „БИТОЛА“ — Битола.

Секој понудувач може да понуди комплетно изведување на вкупната работа или по поедини групи на работа од оваа област. Предност ќе имаат оние понудувачи кои ќе понудат комплетност на изведување на работите.

Учесниците на конкурсот треба да достават:

А — За подобност:

— извод од судскиот регистар за дејноста која ја врши;

— завршна сметка за претходниот пресметковен период;

— референц листа;

— изјава дека ги прифаќа условите од тендерската документација.

Б — За изведување на работите:

— детална спецификација со цени по поедини позиции, а во сè според тендерската документација;

— техничко-технолошки опис со потребна документација;

— рок за изведување на работите за секоја фаза посебно (термин план);

— услови за плаќање со можност на кредитирање.

2. Работите — предмет на овој конкурс ќе се изведуваат во кругот на фабриката за шеќер.

3. Ориентационата (пресметковна) вредност на работите е 7.000.000 динари.

4. Рок на изведување на работите е до 30. 09. 1990 година.

5. Конкурсот ќе трае 15 (петнаесет) дена од денот на неговото објавување во „Службен весник на СРМ“.

6. Инвеститорот ќе ги извести изведувачите за извршениот избор за подобност во рок од 10 дена од денот на завршувањето на конкурсот, а во рок од 25 дена за извршениот избор на најповолен понудувач по изборот на подобност.

7. Предност за избор на најповолен понудувач ќе има онаа РО која ќе понуди, освен поволни цени и рокови за градба, и поповолни финансиски услови (услови на плаќање и кредитирање).

---

Врз основа на член 79 од Законот за изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ“ бр. 15/83) и член 23 и 24 од Правилникот за начинот и постапката за отстапување на изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ“ бр. 22/84), ООЗТ РЕК „Битола“ — Суводол — Битола

распишува

**ПОВТОРЕН КОНКУРС**

за подобност и отстапување

**I. Предмет:**

Изведување на градежни работи, набавка на опрема и електромашинска монтажа и пуштање во работа на објектот „Третман на отпадни води на објектот на ТЕ „Битола“, во сè според тендер документацијата од инвеститорот.

**II. Место:**

РО РЕК „Битола“, село Суводол.

**III. Услови**

Извршувањето на работите ќе се отстапи на подобен и најповолен понудувач.

Понудувачите можат да понудат комплетна изведба на објектот или поединечно за градежен дел: за набавка на опрема и за електро-машинска монтажа.

**IV. Цена**

Понудите треба да содржат поединечни цени по позиции и вкупна цена, а според предмер-пресметките од тендер документацијата, како и да приложи формула на клизна скала.

**V. Рокови**

Рокот за завршување на објектот е 6 месеци од склучувањето на договорот.

Рокот за поднесување на пријави за подобност и понуди е 15 дена од објавувањето на конкурсот во „Службен весник на СРМ".

**VI. Останато**

Пријавата за подобност треба да содржи:

— назив и точна адреса;

— доказ за регистрација на дејноста;

— референтна листа на наведени исти или слични работи;

— извод од завршни сметки за 1987 година и периодична пресметка за последниот пресметковен период;

— расположливите капацитети на работна снага и механизација;

— начин на пресметка на дополнителни и непредвидени работи (норма саат на работна рака и механизација).

— изјава дека ги прифаќа условите на инвеститорот од тендерската документација.

Тендерската документација секој понудувач може да ја разгледа во просториите на инвеститорот РЗ — Капитална градба, секој работен ден од 8—15 часот.

Пријавите за подобност и понудите се поднесуваат до инвеститорот во одвоени обвивки со назнака: „Пријава за подобност" и „Понуда" и со назнака на објектот и конкурсот.

Отворањето на пријавите за подобност ќе се изврши комисиски во рок од 10 дена од истекот на конкурсот во просториите на инвеститорот, а за денот и часот на отворањето на пријавите за подобност, како и за денот и часот на отворањето на понудите, понудувачите ќе бидат дополнително известени.

Одлуката за подобност на понудувачите ќе ја донесе Комисијата во рок од 15 дена од завршувањето на конкурсот, а во понатамошен рок од 10 дена Комисијата ќе даде предлог за избор на најповолен понудувач.

Подетални информации можат да се добијат на телефон 22-777 и телекс 53-148.

---

## ОБЈАВА

Врз основа на член 20-а од Законот за данокот од доходот на организациите на здружен труд („Службен весник на СРМ" број 42/80, 38/83, 22/85, 42/85, 46/86, 7/88, 14/88, 42/88 51/88 и 18/89), Републичкиот завод за статистика го утврдува и го објавува

ПРОЦЕНТОТ НА КУМУЛАТИВНИОТ ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ — МАЈ 1989 ГОДИНА

Кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во периодот јануари — мај 1989 година во однос на просечните цени на мало во 1988 година изнесува 221,7%

Директор
на Републичкиот завод за статистика,
**Светлана Антоновска,** с. р.

## СОДРЖИНА

377. Одлука за измена на Одлуката за утврдување на бројот на членовите на Советот за народна одбрана на Претседателството на СР Македонија и за нивното именување — — — — — — — — 393

378. Одлука за усогласување висината на имотните услови под кои се смета дека членовите на семејството чии хранител е на задолжителна воена служба немаат средства доволни за издржување со порастот на трошоците за живот — — — — — 393

379. Решение за назначување советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — — — — — 393

380. Решение за разрешување од должноста советник на републичкиот секретар за народна одбрана — — — — — — — 393

381. Решение за разрешување од должноста помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи — — — — — — 394

382. Решение за разрешување од должноста помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи — — — — — — 394

383. Наредба за утврдување на основата за определување на боречкиот додаток на учесниците во Народноослободителното движење од Егејскиот дел на Македонија во 1989 година — — — — — — 394

384. Правилник за матичната книга и за чувањето на документацијата на нострифицираните дипломи и свидетелства издадени во странство — — — — — — — 395

385. Решение бр. 13-523/1 — — — — — 395

386. Решение бр. 13-523/1 — — — — — 395

387. Решение бр. 13-523/1 — — — — — 395

388. Решение бр. 13-523/1 — — — — — 395

389. Решение бр. 13-523/1 — — — — — 395

390. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 30/89 од 29 март 1989 година — — 396

391. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 8/89 од 22 март 1989 година — — 396

392. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 11/89 од 22 февруари 1989 година 397

393. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 168/88 од 5 април 1989 година — 398

394. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 70/88 од 12 април 1989 година — 399

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

178. Одлука за измена на Одлуката за воведување и висината на посебниот надомест за употреба на делниците од Автопатот Куманово—Титов Велес за возилата регистрирани во СФРЈ — — — — — — 399

179. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија — 399

180. Одлука за надоместување на средствата на самоуправните организации и заедници за исплатените парични надоместоци на осигурениците со преостаната работна способност — — — — — — — — 405

181. Одлука за определување висината на приходите на корисникот на пензија и членовите на неговото домаќинство од кои зависи правото на додаток на пензијата — 406

182. Одлука за измена на Одлуката за висината на стапката на придонесот за здравствена заштита на работниците за 1989 година — — — — — — — — — 406

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје ул. „Васил Ѓоргов" бб Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје.**